# CONTEMPORARY APPROACHES FOR PREVENTION AND COUNTERING VIOLENT EXTREMISM

**Agus Demirovski**
Faculty of Security – Skopje, University "St. Kliment Ohridski" – Bitola, R.N. Macedonia,
demirovski@gmx.com

**Abstract:** States use a variety of approaches, mechanisms, models and programs to prevent and combat violent extremism and radicalism. Some of them are newly developed, and others already existing. They aim to enable practitioners, professionals and members of the local community to apply their various skills, knowledge and capacities for early prevention of violent extremism and radicalization, ie to identify vulnerable persons and persons at risk and provide them with the necessary support to be redirected in a non-violent way before committing a crime. Different types of approaches, mechanisms, models and programs are influenced, among others, by the nature of the threat, the socio-political situation in the country, the security situation, as well as by the prevailing norms and circumstances, management structures, resources, capacities, risk assessments and traditions.
The aim of the paper is to summarize and analyze the modern peacebuilding approaches used to prevent and combat violent extremism and to draw conclusions about their effectiveness. In doing so, the challenges and weaknesses of such programs will be identified, in order to overcome and improve them in the future and to show better results in achieving their goals. The paper specifically analyzes and discusses the EU approach to capacity building in the fight against terrorism and violent extremism aimed at promoting the capacity of state institutions to provide criminal justice and law enforcement, while respecting human rights and the rule of law. Supporting key preventive measures against violent extremism and countering terrorist financing are also top priorities for preventing terrorist activities and their consequences.
Creating such approaches/models for preventing and combating violent extremism should be followed by a broad consultation process with key national and local stakeholders, governments and the civil society sector, as well as law enforcement professionals and others who can provide support depending on the needs of the process. Such a process should not be rushed; creating the necessary multidisciplinary support for effective access takes time and patience, including from politicians, policymakers, practitioners, and members of the public, who may seek prompt action in the context of modern-day terrorist and violent extremist threats.
**Keywords:** approach, model, prevention, violent extremism, radicalism, terrorism

# СОВРЕМЕНИ ПРИСТАПИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

**Агуш Демировски**
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Р.С.Македонија,
demirovski@gmx.com

**Резиме:** Државите користат различни пристапи, механизми, модели и програми за превенција и борба против насилен екстремизам и радикализам. Некои од нив се ново развиени, а други веќе постојни. Тие имаат за цел да им овозможат на практичарите, професионалците и членовите на локалната заедница да ги применат своите различни вештини, знаења и капацитети за рана превенција на насилен екстремизам и радикализам, односно да ги идентификуваат ранливите лица и лицата во ризики и да им обезбедат потребна поддршка за да се пренасочат по ненасилен пат пред да извршат некое кривично дело. Различните видови пристапи, механизми, модели и програми се под влијание, меѓу другото, на природата на заканата, општествено-политичката ситуацијата во државата, безбедносната состојба, како и од распространетите норми и околности, структури на управување, ресурси, капацитети, проценки на ризик и традиции.
Целта на трудот е сумарно да ги прикаже и анализира современите пристапи за градење мир кои се користат за превенција и борба против насилен екстремизам и да се извлечат заклучоци за нивната ефикасност. Притоа, ќе бидат идентификувани предизвиците и слабостите на ваквите програми, со цел да се надминат и подобрат во иднина и да прикажат подобри резултати во постигнувањето на нивните цели. Во трудот посебно се анализа и дискутира пристапот на ЕУ кон градење на капацитетите за борба против тероризам и насилен екстремизам насочен кон промоција на способностите на државните институции за остварување на кривична правда и спроведување на законот, истовремено почитувајќи ги човековите права и владеењето на

правото. Поддршката на клучните превентивни мерки за насилен екстремизам и спротивставувањето на финансирањето на тероризмот се исто така главни приоритети за спречување на терористички активности и нивни последици.
Создавањето вакви пристапи/модели за превенција и борба против насилен екстремизам треба да биде проследено со широк консултативен процес со клучните чинители од национално и локално ниво, од владите и граѓанскиот сектор, како и од професионалци за спроведување на законот и други лица кои може да пружат поддршка во зависност од потребите на процесот. Ваквиот процес не треба да се брза; за создавање на неопходна мултидисциплинарна поддршка за ефикасен пристап, потребно е време и бара трпение, вклучително и од политичарите, креаторите на политики, практичарите и членовите на јавноста, кои можеби бараат брз лек во контекст на современите терористички и насилни екстремистички закани.
**Клучни зборови**: пристап, модел, превенција, насилен екстремизам, радикализам, тероризам

## 1. ВОВЕД

Ниту Обединетите нации (ОН), ниту Европската Унија (ЕУ) немаат официјална дефиниција за насилниот екстремизам. Меѓутоа, Акциониот план на Генералниот секретар на ОН за спречување насилен екстремизам[61] наведува дека „насилниот екстремизам опфаќа поширока категорија манифестации и постои ризик дека спојувањето на термините [„насилен екстремизам" и „тероризам"] може да доведе до оправдување на претерано широка примена на мерки за борба против тероризмот, вклучително и против форми на однесување што не треба да се квалификуваат како терористички акти".
Што точно е насилен екстремизам? Разбирањето и перспективите на овој термин може да варираат низ целиот свет и еден сеопфатен опис, сепак, би опишал дека терминот насилен екстремизам „генерално се однесува на дејствија поврзани со екстремистичка верска, социјална или политичка идеологија. Концептот на насилен екстремизам е поширок отколку тероризмот, затоа што тој применува секаков вид насилство, сè додека неговата мотивација се смета за екстремистичка".[62]
Зголемениот интерес за мултидисциплинарните иницијативи за превенција и борба против насилен екстремизам, кои честопати се локално водени и вклучуваат повеќе агенции/служби, во голема мера ја одразува зголемената свест кај креаторите на политики и практичарите дека овие програми можат да пополнат критичен јаз помеѓу, од една страна, фокусираните групни напори за градење социјална кохезија и отпорност кон насилен екстремизам и радикализам и, од друга страна, мерките за борба против тероризмот насочени кон безбедноста. Напорите насочени кон група честопати се сметаат за премногу „меки" или долгорочни по природа за да имаат видливо влијание врз заканата, додека мерките насочени кон безбедноста често се сметаат за премногу реактивни или, уште полошо, репресивни по природа. Мултидисциплинарните иницијативи може да ги избегнат овие негативни перцепции. Иако може да се разбере потребата за такви механизми или слични програми кои овозможуваат поефективни, локални, мултидисциплинарни и колаборативни пристапи кон превенција, може да биде тешко тие да се операционализираат од различни причини.[63]
Спектарот на активности, програми и типови на ангажмани кои спаѓаат под превенција и борба против насилен екстремизам и радикализам е широк и опфаќа напори на меѓународно, регионално, национално, субнационално, заедничко и индивидуално ниво.[64] Специфичните насоки на напори на национално ниво се генерално утврдени со приоритетните области за дејствување идентификувани во стратешките рамки на секоја земја.

---

[61] United Nations General Assembly. (2015). *Plan of Action to Prevent Violent Extremism: Report of the Secretary-General*. Seventieth Session, A/70/674, 24.12.2015, http://www.un.org/en/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/70/674
[62] OSCE. (2020). *A Whole-of-Society Approach to Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization that Lead to Terrorism*. Vienna, p. 19. https://www.osce.org/files/f/documents/a/7/444340_0.pdf
[63] European Commission. (2018). *High-Level Commission Expert Group on Radicalisation (HLCEG-R), Final Report*. 18.05.2018, p. 8, https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/policies/european-agenda-security/20180613_finalreport-radicalisation.pdf
[64] Holmer, G., Bauman, P. (2018). *Taking Stock: Analytic Tools for Understanding and Designing P/CVE Programs*. United States Institute of Peace. https://www.usip.org/publications/2018/09/taking-stock-analytic-toolsunderstanding-and-designing-pcve-programs

## 2. ЕУ ПРИСТАПИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

Во текот на последната деценија, Европската унија инвестираше многу во борбата против насилниот екстремизам и тероризам. Во 2020 година, Европската комисија ја претстави Агендата за борба против тероризмот[65] и новата Стратегија за безбедна унија на ЕУ[66]. Овие документи го прикажаа сложениот и развиен безбедносен пејзаж со кој се соочува Унијата во современото живеење. Спречувањето на насилниот екстремизам е важен дел од акцијата на ЕУ во овој контекст. ЕУ работи да ги спречи нападите преку решавање и подобро спротивставување на радикализацијата и екстремистичките идеологии преку поддршка на локалните актери и градење поиздржливи заедници. За ефикасно да ги заштити европските граѓани, ЕУ има за цел да продолжи да ги намалува ранливостите било на јавни простори или во критичните инфраструктури кои се од суштинско значење за функционирање на нашите општества и економија. За да се одговори на нападите кога ќе се случат, потребни се итни мерки за да се минимизира влијанието и да се овозможи брза истрага и гонење на сторителите. Ниту една земја -членка не може да го стори тоа сама. Потребна е соработка и на европско и на меѓународно ниво.

Овие пристапи не прават многу за решавање на олеснувачката средина за насилниот екстремизам - услови, причини и идеологии кои придонесуваат за насилна радикализација, мобилизација и регрутирање на поединци или групи. Затоа, постои зголемен фокус од меѓународната заедница, вклучително и ЕУ, на превентивни пристапи кон насилство и конфликти, вклучително и поусогласени напори за решавање на насилни екстремистички идеологии и дејствија што создаваат погодна средина за терористичките групи.

Различните насоки на активностите на ЕУ во оваа област се фокусираат на: градење капацитети на агенциите за спроведување на законот и судството, спречување и борба против насилниот екстремизам и справување со финансирањето на тероризмот.

Екстремизмот може да има многу форми. И со неговите предизвици се соочува и цела Европа, како и луѓето во земјите низ целиот свет. Ова е причината зошто ЕУ работи заедно со партнерите на меѓународно ниво за да се справат со основните причини за насилниот екстремизам, преку низа програми за финансирање насочени кон спречување и борба против екстремизмот. Во текот на изминатите 10 години, ЕУ преку својот Инструмент за придонес кон стабилност и мир поддржа преку 100 акции низ целиот свет. Тие опфаќаат едукативни програми, градење капацитети за медиуми, зајакнување на жените или акции за ангажман на млади низ целиот свет. ЕУ е лидер во иницијативите за справување со екстремистички содржини преку Интернет, поддршка на оние што се во првите редови во решавањето на радикализацијата и пронаоѓање и запирање финансирање на терористички организации. Бидејќи не постои единствено решение, ЕУ е посветена на четири општи принципи: (1) дејствија базирани на докази, (2) проекти прилагодени на локалниот контекст, (3) пристапот на „целото општество“ и (4) „направи максимално добро“ со секоја преземена акција, при што владеењето на правото и човековите права секогаш имаат најголем приоритет.

Серија конкретни примери што го покажуваат пристапот на ЕУ во оваа област се дел од брошурата Превенција и борба против насилниот екстремизам – приказни од работата на ЕУ низ целиот свет[67]. Приказните ги истакнуваат главните резултати и постигнатите влијанија и овозможуваат да се извлечат научените лекции, релевантни за дизајнирање на идните програми за поддршка. Во наредните години, ЕУ претставниците укажаа дека ќе продолжат да ги поддржуваат земјите-партнери во спречувањето на насилниот екстремизам, ставајќи силен акцент на владеењето на правото и доброто владеење. Човековите права и меѓународното хуманитарно право, исто така, ќе продолжат да бидат заедничка нишка на акциите на ЕУ, со посебен фокус на родовата еднаквост, младите и поддршката на локалните актери. Оваа збирка

---

[65] Четирите столба на новата Агенда за борба против тероризмот на ЕУ објавена во декември 2020 година - предвиди, спречи, заштити и одговори - претставуваат сеопфатен и пропорционален одговор на меѓународната терористичка закана. ЕУ се обидува да ги предвиди постојните закани што се појавуваат преку споделување информации и култура на соработка која е мултидисциплинарна и на повеќе нивоа. European Commission. (2020). *A Counter-Terrorism Agenda for the EU: Anticipate, Prevent, Protect, Respond*. 09.12.2020, https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/default/files/pdf/09122020_communication_commission_european_parliament_the_council_eu_agenda_counter_terrorism_po-2020-9031_com-2020_795_en.pdf

[66] European Commission. (2020). *Communication from the Commission on the EU Security Union Strategy*. 24.07.2020, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1596452256370&uri=CELEX:52020DC0605

[67] Во сржта, пристапот на ЕУ за спречување и борба против насилниот екстремизам се однесува на луѓето. Се работи за градење односи со локалните заедници и, меѓу нив, допирање до оние лица кои се ранливи на радикализација, за да може да им се помогне да изградат отпорност и да ги добијат потребните алатки. Тоа е приказна за овие луѓе, за нивните заедници и за заедничката работа за постабилна и посигурна иднина. Оваа брошура споделува некои од овие приказни. CT MORSE, Preventing and Countering Violent Extremism Stories from the EU’s work around the globe, https://pcvestories.ct-morse.eu/wp-content/uploads/2021/02/PCVE-stories-from-the-EUs-work-around-the-globe.pdf

резултати и приказни е дел од проектот финансиран од EU CT MORSE (II)[68], кој обезбедува координација, мониторинг и знаење, како и технички и имплементациски интервенции за поддршка во областите на антитероризам и спречување и борба против насилниот екстремизам.

Спречувањето и борбата против насилниот екстремизам е клучен аспект на пристапот кон антитероризмот на Европската унија. Преку своите иницијативи, ЕУ има за цел да го поттикне мирот, стабилноста и безбедноста - низ целиот свет, а секако и за европските граѓани. Бидејќи насилниот екстремизам во еден дел од нашиот меѓусебно поврзан свет може лесно да има прелевачки ефекти на друго место, европската безбедност бара усогласени напори од широка коалиција на организации на различни нивоа.

Стратешкиот пристап на ЕУ кон оваа појава ќе продолжи да се фокусира на соработка и мулти-латерализам. ЕУ ќе продолжи да соработува и со големите меѓународни организации како што се ОН, Глобалниот форум за борба против тероризмот и Интерпол, како и со мноштво помали актери од граѓанското општество.[69]

## 3. СИСТЕМИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ МИР ВО ПОДДРШКА НА ЕФЕКТИВНОСТА НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

Перцепцијата дека превенцијата и борбата против насилниот екстремизам се етаблира како посебно „поле“ прави непријатност кај многу организации за градење мир[70] бидејќи разбирањето за тоа што претставува ефективен ангажман за превенција и борба против насилен екстремизам останува нејасно во и низ полињата на политиката. Многумина се плашат од секјуритизација и инструментализација на воспоставениот пристап, управување или градење мир. Исто така, се поставува прашањето што е различно во програмирањето во областа на насилниот екстремизам, во споредба со другите воспоставени пристапи за градење мир, спречување конфликти или развој кои имаат намера да се справат со структурните двигатели на насилство.

Во секој случај, барем во догледна иднина, значајните нивоа на внимание и финансирање на политиката ќе бидат насочени кон програмирање во областа на спречување насилен екстремизам. Заедницата за градење мир има многу да понуди за да влијае позитивно на оваа дебата и практика, од две перспективи: (i) со примена на клучните принципи за градење мир и чувствителност на конфликти во дебатата за насилниот екстремизам и како се обликуваат политиките и програмите, и (ii) со примена на неговите учења од ефективна превенција на конфликти и ангажман за градење мир за да се осигура дека модалитетите во кои се дизајнирани и имплементирани иницијативите всушност го зголемуваат нивниот потенцијал да станат трансформативни интервенции во контекстите и заедниците во кои се применуваат.[71]

Принципите и практичните лекции за тоа што претставува ефективно и релевантно градење мир (пристап кој се карактеризира со принципи на „не наштетувај“, како и „слушање“ и пристап за локална сопственост и отчетност за меѓународна помош[72] се многу релевантни за дебатата околу справувањето со насилниот екстремизам: доколку бидат усвоени и земени сериозно во предвид политиката и имплементацијата, тие би можеле значително да влијаат на приодите на превенцијата и борбата против насилниот екстремизам.

Во исто време, заедницата за градење мир научи дека испитувањето на ефикасноста на индивидуалните проекти и програми не е доволно ако целта е да се стремиме кон пошироки влијанија врз конфликтните системи на ниво „поширок мир на општествено ниво“, без резултати во специфични сектори или региони. Постигнувањето системски влијанија бара значителна промена во начинот на кој ангажманите се стратешки внесени на нивоа на политика, дизајнирани, следени, оценувани и финансирани. Како што беше истражено во различни придонеси од Фондацијата Бергоф[73] во текот на годините, системскиот пристап за градење мир

---

[68] Проектот е финансиран преку Инструментот за придонес кон стабилност и мир. https://ct-morse.eu/projects/

[69] Понатаму, ќе ги надополни иницијативите за политики како што се Агендата за жени, мир и безбедност и Агендите за млади, мир и безбедност, како и Агендите за национална и регионална политика во земјите -членки на ЕУ, трети земји, европското соседство и земјите партнери. Со зголемената урбана популација низ целиот свет, ЕУ, исто така, гледа да ги зајакне градовите да играат поистакната улога во превенцијата и борбата против екстремизмот.

[70] Ernstorfer, A. (2018). *Effective Approaches to Preventing Violent Extremism A Peacebuilding Systems Perspective*. Berghof Foundation. pp. 50-51, https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/dialogue13_violentextremism_ernstorfer_com.pdf

[71] Search for Common Ground. (2017). *Transforming Violent Extremism: A Peacebuilder's Guide*. Washington, DC: SFCG. https://www.sfcg.org/wp-content/uploads/2017/04/Transforming-Violent-Extremism-V2-August-2017.pdf

[72] Anderson, M., B., Brown, D., Jean, I. (2012). *Time to Listen: Hearing People on the Receiving End of International Aid*. Cambridge, MA: CDA Collaborative Learning Projects. https://www.cdacollaborative.org/wp-content/uploads/2016/01/Time-to-Listen-Hearing-People-on-the-Receiving-End-of-International-Aid.pdf

[73] Фондацијата Бергоф е независна, невладина и непрофитна организација која ги поддржува луѓето во конфликт во нивните напори да постигнат одржлив мир преку трансформација на конфликти и градење мир. https://berghof-foundation.org/

бара многу различно ниво на посветеност и ангажман меѓу донаторите, имплементаторите и локалните партнери за да разберат како организациите можат да се движат подалеку од мерење на проектните резултати за разбирање на пошироките влијанија врз конфликтните контекстуални системи во кои работат - и како можат да соработуваат со другите за да постигнат колективни влијанија.

Актерите за градење мир ќе треба да соработуваат многу тесно ако сакаат да влијаат на дискурсот и програмирањето на превенцијата и борбата против насилниот екстремизам според принципите за градење мир и чувствителност на конфликти. Ниту еден актер за градење мир нема да може да го стори тоа сам.

Иако се појавуваат напори за зголемување на базата на докази за поттикнувачи на насилен екстремизам и појава на ефективни пристапи[74], во моментов нема систематска база на докази што функционира, а што не (и зошто и како и за кого) , споделена помеѓу организациите ангажирани во овој простор. Има многу да се научи од полето за градење мир, но исто така има и независно учење што се бара за спецификите на ангажманите на полето на спречувањето на насилниот екстремизам и поврзаната политика за кохерентност и програмски ефективни прашања. Ова ќе треба да вклучи применето истражување, посистематска, системска и заедничка анализа кај меѓународните и локалните засегнати страни, и повеќе евалуации и проценки што одат подалеку од „ефективноста на проектот" и навистина го анализираат влијанието на интервенциите на спречувањето на насилниот екстремизам врз конфликтите и системите на земјите. Поттикот за поголем системски фокус не може да дојде само од нивоа на проекти и програми: вклучително и такво размислување и пристапи на ниво на донесување одлуки за политиките, стратегиите на земјите и финансирањето ќе бидат од суштинско значење за да се премести фокусот на превенцијата и борбата против насилниот екстремизам. Сето ова ќе биде корисно само ако постои вистинска подготвеност да се учи од минатите и тековните ангажмани, и евентуално да се прилагодат тековните пристапи за превенција и борба против насилниот екстремизам.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Постои деликатна природа на односите меѓу засегнатите страни на државата и граѓанското општество. Од една страна, владите имаат тенденција да се сомневаат во ранливоста на непрофитните организации да бидат злоупотребени за финансирање тероризам; од друга страна, истите тие влади бараат доверливи партнери за да се ангажираат и да помогнат во пренесувањето на пораката за спречување на насилен екстремизам. Честопати, заедницата ќе биде примател на мешани пораки, на пример како што велат владите дека заедницата е подложна на финансирање тероризам, но во исто време и дека заедницата е доверлив партнер за целите на борбата против насилниот екстремизам. Некои заедници може да имаат мешани мотиви во овој поглед: да се биде корисник на програма за превенција и борба против насилен екстремизам имплицитно рекламира сомнителна ранливост и може да има други негативни последици, но може да резултира и со финансиски средства. Наоѓањето доверливи партнери бара размислување преку тешкотијата да се идентификуваат овие лица и ентитети и да се создадат врски што ќе бидат продуктивни во иднина.

Во одредени контексти, мултидисциплинарните пристапи можат да дадат важен придонес за операционализирање на сеопфатен пристап на целото општество кон превенцијата и борбата против насилниот екстремизам. Секој механизам не треба да се наметнува однадвор.[75] Наместо тоа, одлуката треба да биде да се развие еден и изборот на модел треба да се информира преку консултации со локалните засегнати страни, земајќи ги предвид капацитетите и подготвеноста на релевантните институции, организации и актери кои ќе треба да бидат вклучени, и како одраз на локалниот контекст и култура. Притоа, наместо тесно фокусирање на насилниот екстремизам и радикализам, механизмот треба да ги адресира сите форми на насилен екстремизам и треба да ги гледа како дел од поширок сет поврзани со насилство и/или заштита на прашања од интерес за релевантната заедница. Програмата со широка основа е поверојатно да биде прифатена од релевантните заедници, професионалци и практичари отколку онаа што се фокусира на единственото и потенцијално стигматизирачко прашање на насилен екстремизам и радикализам кои водат кон тероризам.

Секој таков механизам треба да биде дел од поголем напор за операционализирање на напорите на целото општество за превенција и борба против насилен екстремизам, што делумно се потпира на пристапот на

[74] Allan, H., Glazzard, A., Jesperson, S., Reddy-Tumu, S., Winterbotham, E. (2015). *Drivers of Violent Extremism: Hypotheses and Literature Review*. Royal United Services Institute (RUSI). https://assets.publishing.service.gov.uk/media/57a0899d40f0b64974000192/Drivers_of_Radicalisation_Literature_Review.pdf

[75] OSCE. (2019). *Understanding Referral Mechanisms in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization That Lead to Terrorism Navigating Challenges and Protecting Human Rights A Guidebook for South-Eastern Europe*. Vienna. Pp. 97-99, https://www.osce.org/files/f/documents/7/4/418274.pdf

јавното здравство за предизвикот на оваа појава, кој се протега надвор од моделот управуван од законот и ја препознава штетата што насилниот екстремизам може да ја предизвика на општеството во целина. Таквиот пристап нуди можности за развој на повеќенаменско програмирање, избегнување стигма и искористување на јавните здравствени ресурси, вклучително и професионалци за ментално здравје и социјални работници - предности што пристапот за спроведување на законот не ги дава.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Anderson, M., B., Brown, D., & Jean, I. (2012). *Time to Listen: Hearing People on the Receiving End of International Aid*. Cambridge, MA: CDA Collaborative Learning Projects. https://www.cdacollaborative.org/wp-content/uploads/2016/01/Time-to-Listen-Hearing-People-on-the-Receiving-End-of-International-Aid.pdf

Allan, H., Glazzard, A., Jesperson, S., Reddy-Tumu, S., & Winterbotham, E. (2015). *Drivers of Violent Extremism: Hypotheses and Literature Review*. Royal United Services Institute (RUSI). https://assets.publishing.service.gov.uk/media/57a0899d40f0b64974000192/Drivers_of_Radicalisation_Literature_Review.pdf

CT MORSE, Preventing and Countering Violent Extremism Stories from the EU's work around the globe, https://pcvestories.ct-morse.eu/wp-content/uploads/2021/02/PCVE-stories-from-the-EUs-work-around-the-globe.pdf

Ernstorfer, A. (2018). *Effective Approaches to Preventing Violent Extremism A Peacebuilding Systems Perspective*. Berghof Foundation. pp. 50-51, https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/dialogue13_violentextremism_ernstorfer_com.pdf

European Commission. (2018). *High-Level Commission Expert Group on Radicalisation (HLCEG-R), Final Report*. 18.05.2018, p. 8, https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/policies/european-agenda-security/20180613_finalreport-radicalisation.pdf

European Commission. (2020). *A Counter-Terrorism Agenda for the EU: Anticipate, Prevent, Protect, Respond*. 09.12.2020, https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/default/files/pdf/09122020_communication_commission_european_parliament_the_council_eu_agenda_counter_terrorism_po-2020-9031_com-2020_795_en.pdf

European Commission. (2020). *Communication from the Commission on the EU Security Union Strategy*. 24.07.2020, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1596452256370&uri=CELEX:52020DC0605

Holmer, G., & Bauman, P. (2018). *Taking Stock: Analytic Tools for Understanding and Designing P/CVE Programs*. United States Institute of Peace. https://www.usip.org/publications/2018/09/taking-stock-analytic-toolsunderstanding-and-designing-pcve-programs

https://berghof-foundation.org/

https://ct-morse.eu/projects/

OSCE. (2019). *Understanding Referral Mechanisms in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization That Lead to Terrorism Navigating Challenges and Protecting Human Rights A Guidebook for South-Eastern Europe*. Vienna. Pp. 97-99, https://www.osce.org/files/f/documents/7/4/418274.pdf

OSCE. (2020). *A Whole-of-Society Approach to Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization that Lead to Terrorism*. Vienna, p. 19. https://www.osce.org/files/f/documents/a/7/444340_0.pdf

Search for Common Ground. (2017). *Transforming Violent Extremism: A Peacebuilder's Guide*. Washington, DC: SFCG. https://www.sfcg.org/wp-content/uploads/2017/04/Transforming-Violent-Extremism-V2-August-2017.pdf

United Nations General Assembly. (2015). *Plan of Action to Prevent Violent Extremism: Report of the Secretary-General*. Seventieth Session, A/70/674, 24.12.2015, http://www.un.org/en/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/70/674